Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16-02-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1226 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: **контролен**

2. **Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен – дигитален пакет.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14.02.2015 година.

4. **Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-309 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 09.02.2015 година.

6. **Констатации од надзорот:**

Програмските сервиси кој овој оператор ги реемитува во својот дигитален пакет, а не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги се: Smile, Kohavision (KTV), Tip TV, Click и Planeta, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги.

7. **Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за производство, трговија, угостителство, транспорт и услуги увоз-извоз Канал 16 ДОО Ресен, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**